# 11

# Јавно обвинителство

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ:

основен јавен обвинител; виш јавен обвинител; јавен обвинител на РМ; хиерархија; субординација; делегација; авокација.

## 1. Положба и надлежност на јавното обвинителство

### 1.1. Положба

Јавното обвинителство е единствен и самостоен државен орган кој ги гони сторителите на кривичните дела и на другите, со закон утврдени, казниви дела и врши други работи утврдени со закон.

Функцијата на Јавното обвинителство ја врши јавниот обвинител на Република Македонија, јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство и јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство.

Јавниот обвинител го именува и го разрешува Собранието на РМ. Неговиот мандат трае 6 години. Собранието на РМ го огласува именувањето на јавниот обвинител во дневниот печат, најдоцна 15 дена по испразнувањето на местото јавен обвинител. Со огласот се известуваат заинтересираните кандидати во рок од 15 дена од денот на објавувањето да поднесат пријава до Собранието на РМ. Собранието на РМ го именува јавниот обвинител по предлог на Владата.

Јавниот обвинител се разрешува во следниве случаи: кога самиот ќе го побара тоа; кога трајно ќе ја загуби психофизичката способност за вршење на функцијата; кога ќе ги исполни условите за старосна пензија; кога е осуден за кривично дело, на безусловна казна затвор од најмалку 6 месеци; кога ќе се утврди дека извршил потешка дисциплинска повреда на функцијата јавен обвинител – утврдена со закон, со што го нарушил угледот на функцијата; кога нестручно и несовесно ја врши функцијата во Јавното обвинителство, што го утврдува Владата на РМ. Собранието на РМ, по предлог на Владата на РМ, поведува постапка за разрешување на јавниот обвинител, тогаш кога ќе се утврди дека е исполнет некој од условите за негово разрешување.

Јавниот обвинител ужива имунитет. За неговиот имунитет одлучува Собранието. Имунитетот на јавниот обвинител се состои во тоа што тој не може да биде повикан на одговорност или да биде притворен за искажано мислење во текот на вршењето на функцијата. Јавниот обвинител не може да биде притворен без одобрение од страна на Собранието на РМ, освен ако не е фатен при извршување на кривично дело за коешто е пропишана казна затвор во траење од најмалку 5 години.

Јавниот обвинител има и некои посебни права, како што се: правото да влегува и да има слободен пристап на станиците, аеродромите, пристаништата, само со покажување на документите за идентификација; правото на службена дозвола за носење оружје и за набавка на соодветна муниција; правото на посебна заштита на неговата личност, на семејството и на имотот – по негово барање – од

полицијата во местото каде што живее, секогаш кога постојат сериозни причини за загрозување на неговата безбедност и друго.

Јавниот обвинител е должен да го чува угледот на функцијата што ја врши. Неговата функција е инкомпатибилна со друга јавна функција и професија или со членување во политичка партија.

Јавниот обвинител, во врска со вршењето на својата функција, не смее да прима подароци од странките или од лицата кои – директно или индиректно – имаат интерес во постапувањето на јавниот обвинител.

## 1.2. Надлежност

Јавното обвинителство ги врши своите функции врз основа и во рамките на Уставот и законот. Според Законот за Јавното обвинителство[1], јавниот обвинител и замениците на јавните обвинители се грижат за навремено и ефикасно откривање на кривичните и на другите казниви дела и на нивните сторители, поднесуваат барање за поведување кривична постапка и постапка по другите казниви дела и во рамките на законот преземаат мерки и активности заради правилно насочување на постапката, покренуваат и застапуваат обвинение, изјавуваат редовни и вонредни правни средства и преземаат и други дејства определени со закон. Заради остварување на функцијата на гонење, Јавното обвинителство – во соработка со органите на откривање и со другите надлежни органи и други правни лица – се грижи за преземање мерки и активности за откривање на кривичните и на другите казниви дела и на нивните сторители.

За работите и за задачите од негова надлежност и за преземањето дејства за коишто е овластено, Јавното обвинителство прима пријави, претставки и други поднесоци и изјави од страна на граѓани, други органи и од други правни лица.

## 2. Организација на јавното обвинителство

Јавното обвинителство, како единствен државен орган, се организира на ниво на основен и виш јавен обвинител и јавен обвинител на Република Македонија. Јавниот обвинител постапува во границите на својата стварна и месна надлежност. Основниот јавен обвинител постапува пред основниот суд; вишиот јавен обвинител постапува пред апелациониот суд; јавниот обвинител на РМ постапува пред Врховниот суд на РМ. Јавниот обвинител постапува и пред други

---

[1] „Службен весник на РМ“, бр. 80/92 и 9/96.

органи и други правни лица на своето подрачје, кога за тоа е овластен со закон.

Јавното обвинителство се организира според принципот на хиерархија и субординација.

Повисокиот јавен обвинител има право и должност да му дава задолжителни упатства на понискиот јавен обвинител во врска со неговата работа. Задолжителните упатства на повисокиот јавен обвинител можат да се однесуваат на преземањето одредени мерки и активности заради заштита на правата и на слободите на човекот и на граѓанинот, заштита на интересите на општествената заедница и на другите правни субјекти, поефикасно откривање на кривичните и на другите казниви дела и на нивните сторители, употребата на правни средства и законитото утврдување на фактите и примената на правото. Понискиот јавен обвинител ги извршува задолжителните упатства на повисокиот јавен обвинител од своето подрачје.

За организацијата на Јавното обвинителство се карактеристични правото на авокација и правото на делегација.

Повисокиот јавен обвинител може да преземе кривичното гонење, како и вршење на одделни работи за коишто е надлежен понискиот јавен обвинител. Тоа се нарекува *авокација на надлежност.*

Од друга страна, *правото на делегација* е правото на повисокиот јавен обвинител да го овласти понискиот јавен обвинител да води постапка по одделни предмети или да врши определени работи што се во надлежност на друг јавен обвинител.

## ПРАШАЊА:

Кој го избира јавниот обвинител?
2. Колкав е мандатот на јавниот обвинител?
3. Во што се состои инкомпатибилноста на функцијата јавен обвинител?
4. Во што се состои правото на имунитет на јавниот обвинител?
5. Во кои случаи му престанува мандатот на јавниот обвинител?
6. Кои посебни права ги има јавниот обвинител?
7. Во што се состои надлежноста на јавниот обвинител?
8. Кои органи ја вршат функцијата на јавното обвинителство, т.е. како е организирано јавното обвинителство?
9. Врз основа на кои принципи е организирано јавното обвинителство?